20262704898

НАЦИОНАЛЕН ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА МЕМО ДООЕЛ - СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25, 135/25 и 172/26) Националниот оператор на пазарот на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија со Одлука бр. 12-1520/4 од 13.11.2026 година, донесе

ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во ПРИЛОГ 1 – ОПЕРАТИВНИ ПРАВИЛА, во табелата Параметри за тргување на пазарот ден однапред се менува и гласи делот за:

Во табелата Параметри за тргување на пазарот ден однапред во делот Дефинирање на часовни продукти на ограничени налози за поединечни договорни трансакции во ред 10 Минимални и максимални цени зборовите “0,1 ЕУР /1000 ЕУР се заменуваат со зборовите “-600 ЕУР/4000 ЕУР”.

Член 2

Во ПРИЛОГ 1 – ОПЕРАТИВНИ ПРАВИЛА,

Во табелата Параметри за тргување на пазарот во тековниот ден во делот Дефинирање на часовни продукти на ограничени налози за поединечни договорни трансакции во ред 9 Минимални и максимални цени зборовите “0,1 ЕУР /9.999,99 ЕУР се заменуваат со зборовите “-9.999,99 ЕУР/9.999,99 ЕУР”.

Во табелата Параметри за тргување на пазарот во тековниот ден во делот Дефинирање на часовни продукти на блок налози во ред 8 Минимални и максимални цени зборовите “0,1 ЕУР /9.999,99 ЕУР се заменуваат со зборовите “-9.999,99 ЕУР/9.999,99 ЕУР”.

Член 3

Во ПРИЛОГ 2 – ПРАВИЛА ЗА КЛИРИНГ И ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ во ГЛАВА II. КЛИРИНГ И ФИНАНСИСКИ ГАРАНЦИИ се додава нов член 10а кој гласи:

(1) Кога електричната енергија се тргува по негативна цена на организираниот пазар, согласно Член 6 став (2) точка 2 од Законот за додадена вредност, се третира како надомест за промет на услуга, а не како промет на добро.

(2) Даночната основа е позитивниот паричен износ кој купувачот го добива за извршената услуга, што претставува апсолутна вредност на негативната берзанска цена.

(3) На вака утврдената даночна основа, купувачот (како вршител на услугата) пресметува ДДВ по општата даночна стапка.

(4) Учесникот на пазарот кој продава електрична енергија по негативна цена на организираниот пазар е обврзан да плати ДДВ по општата даночна стапка на утврдената даночна основа.

(5) При утврдување на потребниот износ на финансиско обезбедување, МЕМО ги зема предвид и обврските кои можат да произлезат од трансакции склучени по негативна цена.

(6) Учесникот на пазар е должен во секое време да одржува финансиско обезбедување доволно за покривање на сите парични обврски кои произлегуваат или можат да произлезат од трансакции склучени на организираниот пазар, вклучително и трансакции склучени по негативна цена.

Член 3

Во ПРИЛОГ 2 – ПРАВИЛА ЗА КЛИРИНГ И ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ во ГЛАВА III. ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ членот 15 - Фактури се менува и гласи:

(1) ООПЕЕ издава дневна фактура за склучени договорни трансакции на секој учесник на организираниот пазарот посебно за трансакциите за купување и продажба.

(2) ООПЕЕ издава посебна фактура за склучени трансакции на секој учесник на организираниот пазар посебно за трансакциите за услуга за испорака и преземање на вишок енергија во часовите каде што има негативни цени.

(3) ООПЕЕ фактурите од став (1) и став (2) му ги доставува на учесникот на пазарот.

(4) Фактурите особено се состојат од следните елементи:

1) податоци за учесникот во клирингот (купувач или продавач): адреса на друштвото, поштенски број, ДДВ број и број на трансакциската сметка на друштвото;

2) податоци за МЕМО: адреса на друштвото, поштенски број, ДДВ број и број на сметката за порамнувања на друштвото која се води во банката за порамнувања;

3) место и датум на клирингот;

4) вид на фактура: фактура за набавка на енергија, фактура за продажба на енергија (само-фактурирање), фактура за услуга за испорака на вишок енергија и фактура за преземање на вишок на енергија;

5) идентификациски број на учесниците во клирингот;

6) денови на тргување;

7) ден на испорака;

8) ден на порамнување;

9) табела на финалните трансакции за купопродажба на електрична енергија;

10) референтен број на дневната фактура;

11) потпис на овластено лице на МЕМО;

12) среден курс на НБРСМ на денот на изготвување на фактурата и

13) дел од организираниот пазар.

Член 4

Овие правила влегуваат во сила со денот на објавувањето на „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применуваат од 19.11.2026 година.

Бр. 10-2524/13
16 ноември 2026 година
Скопје

Управител,
Зоран Ѓорѓиевски, с.р.